Здружение на граѓани на текстилните,
кожарските и [illegible] работници
ГЛАСЕН ТЕКСТИЛЕЦ Штип
Бр. 0306-11/1
29.03 2018 год.

Во согласност со Програмите за работа и Статутите на Здружението за унапредување и заштита на правата на работниците ДОСТОИНСТВЕН РАБОТНИК-Прилеп /понатамошен текст Здружение Достоинствен Работник/ и Здружение на граѓани на текстилните, кожарските и чевларските работници ГЛАСЕН ТЕКСТИЛЕЦ – Штип /понатамошен текст Здружение Гласен Текстилец - Штип/ го потпишаа следниот:

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

*Склучен на ден* **29 март 2018 година** *помеѓу граѓанските организации:*

1. Здружение за унапредување и заштита на работниците **Достоинствен Работник** регистрирано на улица "5-та Прилепска Бригада" бр. 70, 7500 Прилеп, застапувано од Претседател Гоце Блажески.

и

2. Здружение на граѓани на текстилните, кожарските и чевларските работници **Гласен Текстилец**, регистрирано на улица „Сутјеска" бр. 59, Штип, застапувано од Претседателката Кристина Ампева.

Граѓанските организации се обврзуваат на меѓусебна соработка и комуникација со цел подготовка, организирање и реализирање на иницијативи, активности и проекти во интерес на целните групи во локалната заедница.

Граѓанските организации делуваат преку своите стратегиски мисии за унапредување и промовирање на работничките права и нивна заштита преку одржлив економско-социјален развој во локалната заедница.

Граѓанските организации имаат за цел да ги промовираат и негуваат еднаквите можности на жените, мажите и младите во економската, социјалната, здравствената и образовната област и во други области од општествениот живот.

*Мисија на Здружение Достоинствен Работник*

Здружението ДОСТОИНСТВЕН РАБОТНИК е респектабилен партнер, кој работи на едукација за работничките права и нивна заштита, поттикнување на солидарност и мотивација со цел унапредување на статусот на работниците во заедницата.

*Мисија на Здружение Гласен Текстилец*

Граѓани работници во текстилната, кожарската и чевларската индустрија со висока свест едуцирани, информирани ги уживаат своите права.

**Општа цел**

**Член 1**

Општата цел на Меморандумот е преку взаемна соработка, разбирање и помош помеѓу граѓанските организации да се овозможи навремена и ефикасна подготовка на граѓанските организации за успешна имплементација на Програмите за работа со целосно почитување на начелото на владеење на правото и заштита на човековите права и слободи, согласно меѓународните документи и Конвенции на ОН, Советот на Европа, Меѓународната организација на трудот и Европската Унија.

**Посебни цели**

**Член 2**

Во согласност со Меморандумот за соработка се остварува соработка и комуникација помеѓу Здружение Достоинствен Работник и Здружение Гласен Текстилец, преку остварување на посебните цели:

- Подобрени знаења, капацитети и соработка кај работниците и другите чинители во заедницата од областа на трудовото право, безбедност и здравје при работа.
- Засилена промоција за заштита на работничките права.
- Унапредување на политиките во областа на трудовото право.
- Подобрување на транспарентноста и отчетноста на владините чинители во локалната средина со цел зголемување на нивото на информираност на граѓаните.
- Засилена промоција на владеење на правото.
- Поттикнување на соработка и долгорочен дијалог помеѓу граѓанскиот сектор и државните институции.
- Промовирање на зелени работни места кај граѓаните во локалната заедница.

**Област на соработка**

**Член 3**

Соработката помеѓу граѓанските организации ќе се однесува на соработка и комуникација во областите на делување на трудовото право, безбедност и здравје при работа, економско-социјален развој и владеење на правото во локалните заедници.

**Облик на соработка**

**Член 4**

Соработката помеѓу граѓанските организации ќе се однесува на соработка во делот на спроведување на активностите предвидени со Програмите за работа кои ќе се реализираатпреку следните облици:

- соработка во обезбедување на потребни услови за обука /човечки, просторни, технички/;
- определување на заеднички истражувачки тимови од определените области;
- размена на искуства од определените области;
- испраќање на претставници на домашни и меѓународни обуки, семинари и конференции од определените области;
- подготовка на заеднички публикации и друг промотивен материјал;
- подготовка и спроведување на заеднички иницијативи за обезбедување на донации, спонзорства и проекти на заеднички активности кои ќе бидат од заеднички интерес за целните групи во правец на сестрана подготовка за успешна имплементација на програмите за работа;
- размена на книги, списанија, публикации и други материјали од значење за унапредување на искуствата и знаењата од определените области, и друго.;

**Важност на меморандумот**

**Член 5**

Одредбите на овој Меморандум можат да се изменуваат и дополнуваат во зависност од интересот, преку потпишување на Анекс на меморандумот.

**Член 6**

Меморандумот може да биде отповикан, во кој случај граѓанската организација која го отповикува меморандумот е должна за тоа писмено да ја извести другата граѓанска организација со наведување на причините за отповикувањето.

Меморандумот ќе се смета за отповикан по истекот на 30 дена од денот кога е добиено писменото известување за отповикување.

**Член 7**

Овој меморандум е составен во 4 еднакви примероци, од кои по два за секоја граѓанска организација.

**Член 8**

Меморандумот влегува во сила на денот на неговото потпишување.

**Здружение Достоинствен Работник**

**Гоце Блажески**

**Здружение Гласен Текстилец**

**Кристина Ампева**